**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/20), Иницијативниот одбор за конституирање Локално собрание на млади во Општина Гевгелија распишува:

## ЈАВЕН ПОВИК
### за членство во Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија

Иницијативниот одбор за конституирање Локално собрание на млади во Општина Гевгелија распишува Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија.

На повикот можат да се пријават **членови од: Младински организации, Организации за млади, Политички подмладоци, Ученички организации и Студенстски организации и други облици на Младинско здружување**.

**Критериуми:**

- Да имаат активности на подрачјето на Општина Гевгелија;
- Да се основани и активни најмалку 1 година пред отворањето на овој повик;
- Делегатот/ката да се жители на Општина Гевгелија и да се на возраст од 15 до 29 години.

**Потребна документација:**

- Портфолио за работата на организацијата;
- Мотивациско писмо од организацијата за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница;
- Годишен извештај за работата за претходната година, со кој се потврдува дека организацијата била активна и има спроведено активности за млади во Општина Гевгелија.
- Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците.

**Рок за пријавување:**

Повикот е отворен од 21 февруари до 11 март, 2022 година.

**Начин на пријавување:**

Сите заинтересирани можат да ја достават потребните документи до Архивата на Општина Гевгелија со назнака: „Апликација за членство во Локално младинско собрание во Општина Гевгелија“ или во електронска форма на е-маил адресата: gevgelijao@t.мк .

Повеќе информации на телефонскиот број: 034213843.

Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади, со цел избор на членови на Локалниот младински совет во Општина Гевгелија.

бр.08-542/1
21.02.2022 г.
Гевгелија

Иницијативен одбор
за конституирање Локално собрание
на млади во Општина Гевгелија